РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител – физичко лице, на 45-та седница одржана на ден 29 Декември 2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата бр. 12-2989/1 од 06.06.2019 година на подносителот -------------------------------- од ------------- СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-2989 од 2019 година.

Предметот со број 12-2989 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

Образложение

Предметот со број 12-2989 од 2019година е оформен врз основа на добиена пријава бр. 12-2989/1 од 06.06.2019 година, од познат подносител - физичко лице, -------------------------, со познати податоци за контакт телефонски број.

Со предметната пријава се изразуваат сомневања за незаконито раководење со ------------------- кои подносителот на пријавата ги темели на содржината, наодите и констатациите на Државниот завод за ревизија искажани во Конечните извештаи за ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на --------------------------------- – на сметката ---------------------------------------------------------------------------------------.

Подносителот на пријавата истакнува барање да бидат истражени одделно посочени договори склучени за потребите на предметната --------------, па имено договорот за деловно техничка соработка со ---------------------------, кој во месец јули 2017 година бил продолжен без да биде спроведена постапка согласно со Законот за користење ираспологање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, како и договорите за ---------------------------, па во контекст на тоа и на начинот на распределба на приходите ---------------------------, а се повикува и на бројни други договори од аспект на начинот на спроведување на постапките за јавни набавки, на селективно плаќање на доспеаните обврски и други неправилности констатирани со извршената ревизија.

Подносителот, го посочува директорот на ----------- – лицето -------------- и по однос на него истакнува навод за стекнат капитал во вредност од неколку милиони евра, без при тоа да посочи за каков имот се работи и за периодот на стекнување со истиот.

Видно од пријавата, според тоа како е насловена/адресирана, истата е едновремено доставена и до Управата за финансиска полиција, односно и до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Врз основа на сите податоци кои се содржани во предметната пријава, вклучително и од аспект на содржината на конечните извештаи за извршените ревизии на финансиските извештаи и на усогласеност за 2017 година на ---------------------------, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека за постапување по состојбите кои се констатирани од страна на Државниот завод за ревизија и за евентуалните сомневања за сторени кривични дела, непосредно се надлежни - да постапуваат и да преземаат директни мерки и активности за обезбедување на докази и за утврдување на евентуално причинета штета на Буџетот на Република Северна Македонија другите два органи до кои предметната пријава е исто така доставена, а тоа се - Управата за финансиска полиција, односно и Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Од причини, како е погоре наведено, Државната комисија оцени дека предметната пријава не содржи елементи за надлежно постапување на Државната комисија согласно со членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Во делот од пријавата за имотната состојба на Директорот на -------------------- – лицето -------------------, од причина што истиот од 2017 година не е именувано лице, Државната комисија нема надлежност за постапување и проверка на имотната состојба.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 29 Декември 2020 година под број 12-2989/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

По Одлука/Заклучок на седница на ДКСК
Изработил: Х.М., Советник
Одобрил: К. Н., Член на ДКСК

Доставено до
-Архива-Подносителот